Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- ЦАРИНСКА УПРАВА -

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Посветеноста на квалитетот е стратешка определба на Царинската управа и за нејзино остварување Царинската управа постави визија да стане и остане најдобар сервис на граѓаните , економските оператори и државата, согласно домашни и меѓународно признати најдобри практики во својата надлежност.

Раководството на Царинската управа на Република Северна Македонија се обврзува на добра професионална пракса и квалитетно давање на услуги преку примена на барањата на ISO 9001:2015 и дефинирање на Политиката на квалитет која се заснова на следниве цели :

- Заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија,
- Зголемена и перманентна заштита на животната средина, здравјето на граѓаните и културното наследство.
- Зголемување на конкурентноста на економијата преку унапредување и поедноставување на царинските постапки.
- Унапредување на контрола на примена на законите.
- Воспоставување на електронски систем за управување со работни процеси и документи .
- Унапредување на институционалниот и административниот капацитет преку инвестирање во вработените по пат на обуки и стручно усовршување
- Постојано подобрување на системот за менаџмент со квалитет.
- Целосна посветеност на сите вработени во исполнување на поставените цели на транспарентен, непристрасен и професионален начин на работа .
- Поставување на професионални стандарди за вработените заради јакнење на интегритет во справување со облиците на корупција
- Воведување на континуиран развој на системи од областа на инфоматичките и комуникациските технологии.
- Идентификација и соодветно управување со сите ризици во работните процеси во Царинската управа.
- Зголемување на транспаретноста во работењето со унапредување на достапноста на инфорамциите за сите заинтересирани страни

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

02-081164/17-0002
Скопје, 27-02-2019 година
01.10.00.УП.001.06-ОБ.06.06


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015